Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 и 16/25), член 206 став 3 од Законот за платежни услуги и платни системи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 90/22 и 64/24), член 186 став 2 од Законот за банки („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21) и член 82 став 3 од Законот за решавање банки („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 209/23), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# Правилник
## за изменување и дополнување на Правилникот за формата и задолжителните елементи на прекршочниот платен налог
## („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 71/25)

### Член 1

Во членот 1 од Правилникот за формата и задолжителните елементи на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/23), по зборовите: „вонтеренски и теренски надзор" се додаваат зборовите: „и кои вршат активности на решавање банка".

### Член 2

Членот 2 се менува и гласи: „За прекршоците коишто се предвидени со Законот за платежни услуги и платни системи, Законот за банките и Законот за решавање банки, овластените лица се должни да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог, пред да поднесат барање за поведување прекршочна постапка, во согласност со Законот за прекршоците."

### Член 3

Одредбите на овој правилник во поглед на прекршочниот платен налог за прекршоците коишто се предвидени со Законот за решавање банки ќе започнат да се применуваат од 13 октомври 2025 година.

### Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-10864/14**
**27 март 2025 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**и претседавач на Советот на**
**Народната банка на Република**
**Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**